Стр.

3075. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност комбинирано производство на електрична и топлинска енергија……. **22**
3076. **Одлука** за изменување, дополнување и продолжување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95 и Еуросупер БС 98…….. **25**
3077. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија… **26**
3078. **Одлука** за изменување и дополнување на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија……... **28**
3079. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија… **30**
3080. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија……... **32**
3081. **Одлука** за издавање на Лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија……... **34**
Огласен дел..... **1-44**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3060.

Врз основа на член 141 став (6) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 август 2026 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА НАЧИНОТ, ОРГАНИЗАЦИЈАТА И СУБЈЕКТИТЕ НА ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 1

(1) Со оваа уредба се уредува начинот, организацијата и субјектите на потрага и спасување на воздухоплов.

(2) Потрага и спасување на цивилни воздухоплови во Република Северна Македонија се врши согласно стандардите и препорачаните практики содржани во Анекс 11 и Анекс 12 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство, како и Документите на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: ICAO Doc.) и тоа ICAO Doc. 9731, ICAO Doc. 7754 и ICAO EUR Doc. 039 кои согласно член 3 од Законот за воздухопловство се прифаќаат и директно се применуваат.

Член 2

Одделни поими и кратенки употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

1) Фаза на тревога (Alert Phase) е ситуација во која постои загриженост за безбедноста на воздухопловот и неговите патници;

2) Пункт за тревожење (Alerting post) е секој објект наменет да служи како посредник помеѓу лице што пријавува итен случај и Координативниот центар за спасување;

3) Фаза на опасност (Distress phase) е ситуација во која постои разумна сигурност дека воздухопловот и неговите патници се загрозени од сериозна и непосредна опасност и им е потребна итна помош;

4) Принудно слетување на вода (Ditching) е ситуација каде воздухопловите се принудени да слетаат на вода;

5) Фаза на итност (Emergency phase) е општ термин што, зависно од случајот, означува фаза на неизвесност, фаза на тревога или фаза на опасност;

6) Репозиториумот за локација на воздухоплови во опасност (Location of an Aircraft in Distress Repository – LADR) е сигурна, веб-базирана платформа, која служи како централизирана, глобална платформа за обезбедување непосреден пристап до последната позната позиција на воздухоплов во неволја;

7) Оператор (Operator) е лице, организација или претпријатие кое е вклучено или нуди да биде вклучено во летачки операции со воздухоплови;

8) Директориум за контрола на операции (OPS Control Directory) е дигитална платформа која овозможува размена на оперативни информации меѓу операторите на воздухоплови, давателите на ATM/ANS услуги и центрите за потрага и спасување на воздухоплови, со цел подобрување на безбедноста и следењето на воздухопловите;

9) Водач на воздухоплов (Pilot-in-command) е пилотот назначен од операторот или во случај на генерална авијација – сопственикот, како одговорен за управување и безбедно спроведување на летот;

10) Спасување (Rescue) е операција за извлекување лица во опасност, обезбедување на нивните првични медицински или други потреби и нивно пренесување на безбедно место;

11) Координативен центар за спасување (Rescue coordination centre - RCC) е единица одговорна за воспоставување на ефикасна организација на услугите за потрага и спасување и за координирање на спроведувањето на операциите на потрага и спасување во регионот за потрага и спасување;

12) Потрага (Search) е операција која вообичаено е координирана од Координативниот центар за спасување на Република Северна Македонија и/или од Координативниот центар за спасување на друга држава, со користење на достапен персонал и средства за лоцирање на лица во опасност;

13) Воздухоплови за потрага и спасување (Search and rescue aircraft) се воздухоплови опремени со специјализирана опрема, соодветна за ефикасно извршување на мисии за потрага и спасување;

14) Средство за потрага и спасување (Search and rescue facility) е секој мобилен ресурс, вклучувајќи ги единиците за потрага и спасување, што се користи за спроведување на операции за потрага и спасување;

15) Регион за потрага и спасување (Search and rescue region - SRR) е област со дефинирани димензии, поврзана со Координативниот центар за спасување на Република Северна Македонија и/или со Координативниот центар за спасување на друга држава, во која се обезбедуваат услуги за потрага и спасување;

16) Услуги за потрага и спасување (Search and rescue services) е извршување на функции за следење на опасност, комуникација, координација и потрага и спасување, првична медицинска помош или медицинска евакуација, преку користење на јавни и приватни ресурси, воздухоплови, бродови и други пловни објекти и инсталации, кои се вклучени во соработката за потрага и спасување;

17) Единица за потрага и спасување (Search and rescue unit) е мобилен ресурс составен од обучен персонал и опремен со средства погодни за брзо спроведување на операции за потрага и спасување;

18) Земја на регистрација (State of Registry) е земјата во чиј регистар е впишан воздухопловот;

19) Фаза на неизвесност (Uncertainty phase) е ситуација во која постои неизвесност за безбедноста на воздухопловот и неговите патници;

20) Cospas–Sarsat е меѓународен сателитски систем за тревожење при потрага и спасување;

21) Генерална авијација е авијација која опфаќа некомерцијални летачки операции (бизнис превоз (превоз за сопствени потреби) или друг некомерцијален превоз, некомерцијални специјализирани операции и приватни летови) и

22) Итно известување (Notice to Airman - NOTAM) е известување дистрибуирано по пат на телекомуникација кое содржи информации кои се однесуваат на воспоставување, состојба или измена на воздухопловно - техничко средство, објект, услуга, процедура или опасност, чиешто навремено доставување е од суштинска важност за учесниците во воздушниот сообраќај.

Член 3

(1) Потрагата и спасувањето на цивилни воздухоплови во Република Северна Македонија се организираат на начин кој обезбедува давање услуги поврзани со брзо и ефикасно примање на информација за воздухоплов во опасност, нејзино потврдување и пренесување, како и координација и спроведување на сите активности за време на потрагата и спасувањето.

(2) Давањето на услугите на потрага и спасување од став (1) на овој член се организира и спроведува на начин што обезбедува услугите да се достапни 24 часа секој ден во неделата.

Член 4

(1) Потрагата и спасувањето на цивилни воздухоплови се врши во рамките на Регионот за потрага и спасување – РПС Скопје (Search and Rescue Region - SRR Skopje) кој ја опфаќа територијата на Република Северна Македонија.

(2) Регионот за потрага и спасување од став (1) на овој член, покрај територијата на Република Северна Македонија може да ја опфати и територијата дефинирана со меѓународни договори ратификувани од страна на Република Северна Македонија.

(3) Во случаи кога тревогата за потрага и спасување (SAR) е за воздухоплов кој е блиску до границата на Регионот за потрага и спасување (SRR) или кога не е јасно дали тревогата се однесува на позиција која целосно се наоѓа во рамките на SRR, соседниот Координативен центар за спасување (RCC) треба веднаш да биде известен за тревогата согласно ICAO Doc. 7754 – План за воздухопловна навигација (ICAO Doc. 7754 – Air Navigation Plan).

Член 5

(1) Центарот за управување со кризи кој согласно член 141 од Законот за воздухопловство е Координативен центар за спасување (Rescue Coordination Centre - RCC) на Република Северна Македонија врши организирање, планирање, покренување, координирање, привремено прекинување и завршување на операциите за потрага и спасување.

(2) Координативниот центар за спасување треба да биде екипиран 24 часа секој ден во неделата со обучен персонал вешт во користење на јазикот што се употребува за радиотелефонски комуникации и англиски јазик.

Член 6

Координативниот центар за спасување треба да одржува ажурирани податоци за контакти во Директориумот за контрола на операции (OPS Control Directory) и да се претплати и да одржува пристап во Репозиториумот за локација на воздухоплови во опасност (Location of an Aircraft in Distress Repository - LADR), согласно ICAO Doc. 10165.

Член 7

(1) Координативниот центар за спасување треба да биде опремен со двонасочна комуникациска опрема која обезбедува брза и сигурна комуникација со:

а) давателот на ATM/ANS услуги;

б) станиците за откривање на насока и утврдување на точна позиција на воздухоплов на Агенцијата за електронски комуникации;

в) седиштата на другите единици за потрага и спасување во регионот;

г) метеоролошките служби или службите за метеоролошко набљудување;

д) единиците за потрагата и спасувањето наведени во член 9 од оваа уредба и

ѓ) Центарот за контрола на мисии на Cospas-Sarsat кој дава услуги во регионот за потрага и спасување.

(2) Координативниот центар за спасување е точка за контакт за потрага и спасување (Search and Rescue Point of Contact - SPOC) за примање и потврдување на прием на податоците за тревожење од Cospas-Sarsat системот, кој е достапен 24 часа секој ден во неделата со цел иницирање на соодветна активност за потрага и спасување.

Член 8

(1) Операциите за потрага и спасување се вршат од единици за потрага и спасување наведени во член 9 од оваа уредба кои се соодветно лоцирани и опремени за вршење на истите.

(2) Покрај единиците за потрага и спасување од став (1) на овој член, во операциите за потрага и спасување учество земаат и служби од други јавни или приватни правни лица кои не се квалификуваат како единици за потрага и спасување, но кои согласно Оперативниот план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство изготвен од Координативниот центар за спасување, е предвидено да соработуваат во тие операции и да даваат поддршка на преживеаните од воздухопловни несреќи.

(3) Единиците за потрага и спасување соработуваат со Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, како и со надлежните институции кои се грижат за настраданите од несреќи.

(4) Единиците за потрага и спасување, со цел олеснување на истрагата на воздухопловни несреќи, секогаш кога е тоа можно, треба да бидат придружувани од лица стручни за спроведување на истрагите за воздухопловни несреќи.

Член 9

Единици за потрага и спасување се субјекти кои согласно својата локација, материјалниот и човечкиот потенцијал можат да земат учество во операции за потрага и спасување и тоа:

1) Центарот за управување со кризи кој истовремено е и Координативен центар за спасување врши организирање, водење и координација на системот за потрага и спасување на воздухоплов на копно и внатрешни води што опфаќа:

- изготвување детален Оперативен план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство во рамки на надлежниот регион РПС – Скопје;

- прифаќање на пораки за тревога од извори за тревожење, како и обработка и дистрибуција на пораките;
- покренување, привремено прекинување и завршување на операциите за потрага и спасување;
- планирање, организација и координација на активностите за потрага и спасување на воздухоплови и информирање на сите субјекти вклучени во потрагата и спасувањето за сите значајни промени во истите;
- го забрзува влезот на лица и опрема на територијата на Република Северна Македонија врз основа на претходно склучен договор за соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии-Царинската управа;
- изготвување и анализа на извештаи за спроведени потраги и спасувања на воздухоплови,
- изготвување на процедури, програми за обуки и планови за вежбовни активности;
- иницирање одлуки за општа организација и политика во областа на потрага и спасување на воздухоплови со цел ангажирање на потребниот кадар за оптимално функционирање на потрагата и спасувањето на воздухоплови;
- склучува оперативни договори за соработка и соработува со други единици за потрага и спасување, како и со координативните центри за спасување на други држави;
- дава помош на координативни центри за спасување на други држави преку испраќање на воздухоплови, пловни објекти, лица или опрема, по претходно добиено барање;
- следење и имплементација на одредбите од меѓународните договори од областа на потрагата и спасувањето, ратификувани од страна на Република Северна Македонија;
- организирање и координирање на обуки и вежби за потрага и спасување на воздухоплови на државно и меѓународно ниво кое вклучува учество и на координативни центри за спасување, единици за потрага и спасување и оператори од други држави, како и организирање посети во координативните центри за спасување на соседните држави;
- објавување и пренесување на податоци кои се неопходни за влез на единици на потрага и спасување од други држави на територијата на Република Северна Македонија или вклучување на тие податоци во договорите за соработка од алинеја 9 на оваа точка, како и овозможување на достапност на информации во врска со плановите за операции за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови кога тоа е од корист за обезбедувањето на операции за потрага и спасување;
- пренесува информации до поширокаата јавност и органите за итни интервенции во врска со мерките што треба да се преземат кога постои причина да се верува дека итна ситуација на воздухоплов може да стане причина за загриженост на јавноста или да биде потребна општа итна реакција;
- презема активности за известување и координација на Дирекцијата за радијациона сигурност, епидемиолошките и токсиколошките служби на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и Центрите за јавно здравје и Министерството за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат за животна средина во случај на несреќа на воздухоплов кој превезувал опасни материи и
- презема мерки во рамките на фазите на итност од член 18 од оваа уредба;

2) Давателот на ATM/ANS услуги кој врши:
- известување и тревожење во случаите од член 142 од Законот за воздухопловство;
- проценка на информациите за вонредната состојба и потребниот одговор;
- воспоставување на сообраќаен режим во воздушниот простор кога воздухоплов се наоѓа во вонредна состојба;
- обезбедување на расположливи информации за воздухопловот во опасност како план на лет, радарски запис, комуникација помеѓу пилот и контролор и други достапни податоци кои можат да влијаат на текот на изведување на операцијата за потрага и спасување и
- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

3) Единиците на вооружените сили при Министерството за одбрана, односно Армијата на Република Северна Македонија, кои:
- учествуваат со своите воздухопловни и копнени единици во воздухопловна и копнена потрага и спасување на преживеаните;
- учествуваат со езерските и други специјализирани единици во операции на потрага и спасување на вода, планински и непристапни предели;
- врз основа на барање од Координативниот центар за спасување, обезбедува помош преку ангажирање на потребните човечки ресурси и материјално-технички средства за потребите на потрагата и спасувањето и учествува во давање помош на настраданите на местото на несреќата, согласно сопствениот план за дејствување кој треба да биде усогласен со Оперативниот план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство изготвен од Координативниот центар за спасување и
- вршат и други работи поврзани со потрага и спасување;

4) Министерството за внатрешни работи кое:
- учествува со своите воздухопловни и копнени единици во воздухопловната и копнената потрага и спасување;
- учествува со езерските и други специјализирани единици во операции на потрага и спасување на вода, планински и непристапни предели;
- во случај на несреќа на воздухоплов, го обезбедува местото на несреќата, врши заштита на остатоците од воздухопловот и заштита на поширокиот локалитет околу местото на несреќата од пристап на неовластени лица;
- го регулира сообраќајот со цел да се овозможи побрз пристап на возилата и единиците за спасување;
- по потреба, соработува со полициските служби на другите држави непосредно или посредно преку безбедносни канали за размена на информации на ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕЛЕК и акредитирани полициски офицери за врска на други држави во Република Северна Македонија;
- врз основа на барање од Координативниот центар за спасување обезбедува помош преку ангажирање на потребните човечки ресурси и материјално-технички средства за потребите на потрагата и спасувањето и учествува во давање помош на настраданите на местото на несреќата, согласно сопствениот план за дејствување кој треба да биде усогласен со Оперативниот план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство изготвен од Координативниот центар за спасување;
- во согласност со договорите за соработка меѓу Координативниот центар за спасување на Република Северна Македонија и координативните центри за спасување на други држави, го одобрува и го забрзува преминувањето на државната граница за сите лица, пловни објекти и опрема од други држави за влез во или излез од Република Северна Македонија, во случај кога ќе биде побарана помош од Координативниот центар за спасување, односно надлежниот центар од други држави и
- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

5) Министерството за здравство кое:
- обезбедува помош при потрага и спасување преку ангажирање на човечки ресурси и медицинска опрема

на јавните здравствени установи за давање итна медицинска помош и хоспитализација на повредените во воздухопловни несреќи, согласно Оперативниот план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство изготвен од Координативниот центар за спасување и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

6) Министерството за надворешни работи и надворешна трговија кое:

- воспоставува контакти со надлежните власти или органи во земјата на регистрација на воздухопловот од несреќата;

- ги известува странските дипломатски конзуларни претставништва во Република Северна Македонија чии граѓани биле во воздухопловот за состојбата и последиците од воздухопловната несреќа;

- учествува при организирање на посети, односно увид на странски дипломатско-конзуларни претставници и меѓународни организации на местото на несреќата и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

7) Дирекцијата за заштита и спасување која:

- зема учество во операциите за потрага и спасување на воздухоплов во опасност;

- зема учество во извлекување на повредени и загинати лица, укажување на прва помош и транспорт до соодветните здравствени установи и

- врши други работи поврзани со потрага и спасување;

8) Противпожарни единици кои вршат:

- гасење на пожарот и спасување од пожари и експлозии;

- спасување на приклештени и блокирани патници;

- помош при подготовка на повредените за транспорт и други општо спасувачки задачи и

- други работи поврзани со потрага и спасување;

9) Министерството за транспорт-Капетанијата на пристаништата која врши:

- ангажирање и координирање на пловните објекти евидентирани во регистарот на Капетанијата за операции на потрага и спасување на вода и

- други работи поврзани со потрага и спасување.

Член 10

(1) Единиците за потрага и спасување треба да бидат опремени со уреди кои ќе го олеснат лоцирањето на воздухопловите и со опрема за давање на соодветна помош на местото на несреќата.

(2) Единиците за потрага и спасување треба да бидат опремени со комуникациска опрема која обезбедува брза и сигурна двонасочна комуникација со другите субјекти вклучени во истата операција.

(3) Секој воздухоплов кој е вклучен во операциите за потрага и спасување треба да има опрема која му овозможува да комуницира на фреквенциите за воздухопловно тревожење, фреквенциите на место на несреќа, како и други фреквенции пропишани од Агенцијата за електронски комуникации.

(4) Секој воздухоплов кој е вклучен во операциите за потрага и спасување треба да биде опремен со уред за лоцирање на фреквенциите за тревожење.

(5) Секој воздухоплов за потрага и спасување регистриран во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: македонски воздухоплов), кога се користи за потрага и спасување над поморски области врз основа на договор за соработка со друга држава, треба да биде опремен така да може да комуницира со бродови.

(6) Секој македонски воздухоплов за потрага и спасување, кога се користи за потрага и спасување над поморски области врз основа на договор за соработка со друга држава, треба да носи печатена или електронска копија од Меѓународниот сигнален кодекс издаден од Меѓународната поморска организација, за да може да ги надмине јазичните пречки кои може да се појават во комуникација со бродови.

(7) Освен ако е познато дека нема потреба за доставување на опрема до преживеаните од воздух, најмалку еден воздухоплов кој учествува во операцијата за потрага и спасување треба да носи опрема која може да се исфрли од воздухоплов.

(8) Со планот за операции се определуваат аеродромите што треба да поседуваат опрема за преживување соодветно спакувана за исфрлање од воздухоплови.

(9) Кога македонски воздухоплов се користи за потрага и спасување над поморски области врз основа на договор за соработка со друга држава, тој треба да носи уред за мерење на реалното површинско движење кој може да се исфрли од воздухопловот.

Член 11

(1) Операциите за потрага и спасување, доколку е потребно, треба да се координираат со операциите на соседните држави, особено ако се работи за соседни региони за потрага и спасување за што, кога е потребно, се изготвуваат заеднички планови и процедури за потрага и спасување за да се олесни координацијата при операциите со тие соседни држави.

(2) Доколку има потреба единици за потрага и спасување од Република Северна Македонија да влезат на територија на друга држава со цел потрага и спасување на воздухоплов, Координативниот центар за спасување поднесува барање до Координативниот центар за спасување на засегнатата држава или до друга институција определена од таа држава, давајќи ги сите податоци за планираната операција и потребата за нејзино спроведување.

(3) Во случај Координативниот центар за спасување на Република Северна Македонија да добие барање за влез на единици за потрага и спасување од други држави на територијата на Република Северна Македонија, треба веднаш да го потврди приемот на барањето и во најкраток можен рок да ги наведе условите под кои планираната операција може да биде спроведена.

(4) Операциите може да се спроведуваат и во област на потрага и спасување (SRR) на соседните држави, согласно со договорите меѓу Република Северна Македонија и соседните држави за меѓусебна соработка во областа на потрага и спасување на воздухоплови.

Член 12

(1) Координативниот центар за спасување во секое време треба да ги има достапни и ажурирани следните информации што се однесуваат на неговиот регион за потрага и спасување:

а) единици за потрага и спасување и пунктови за тревожење;

б) давателот на ATM/ANS услуги;

в) средства за комуникација што може да се користат во операции за пребарување и спасување;

г) адреси и телефонски броеви на сите оператори на воздухоплови или нивни назначени претставници, кои се вклучени во операции во регионот и

д) сите други јавни и приватни ресурси, вклучително и медицински и транспортни капацитети, кои веројатно ќе бидат корисни во потрага и спасување.

(2) Координативниот центар за спасување треба да ги има достапни и сите други информации што се од интерес за потрага и спасување, вклучувајќи ги и информациите за:

а) локациите, повикувачките знаци, времето на дежурство и фреквенциите на сите радио станици кои ве-

ројатно ќе се користат за поддршка на операции за потрага и спасување;

б) локациите и времето на дежурство на службите кои следат радио комуникации и фреквенциите кои ги надгледуваат;

в) локации каде се складирани резерви на опрема за итни случаи и преживување која може да се исфрла од воздух;

г) предмети за кои е познато дека може да бидат погрешно идентификувани како неоткриени или непријавени остатоци, особено ако се гледаат од воздух и

д) позицијата, курсот и брзината на воздухоплови кои можат да дадат помош на воздухоплов во опасност.

Член 13

(1) Координативниот центар за спасување треба да подготви детален Оперативен план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство во неговиот регион за потрага и спасување.

(2) Планот од став (1) од овој член треба да се изготви заеднички со претставниците на операторите и службите на другите државни или приватни правни лица кои можат да помогнат во операциите за потрага и спасување или да се има корист од нив, земајќи предвид дека бројот на преживеани може да биде голем.

(3) Планот од став (1) од овој член треба да ги специфицира аранжманите за снабдување со гориво, колку што е можно, на воздухоплови, пловни објекти и возила кои се користат во операции за потрага и спасување, вклучувајќи ги и оние кои се обезбедени од други држави.

(4) Планот од став (1) од овој член треба да содржи детали за дејствијата што треба да ги преземат лицата вклучени во потрага и спасување, вклучувајќи:

а) начинот на кој треба да се спроведат операциите за потрага и спасување во регионот за потрага и спасување;

б) користењето на достапните комуникациски системи и капацитети;

в) дејствијата што треба да се преземат заеднички со други координативни центри за спасување;

г) методите за алармирање на воздухоплови во лет;

д) должностите и овластувањата на лицата назначени да учествуваат во потрага и спасување;

ѓ) можната прераспределба на опрема која може да биде потребна поради метеоролошки или други услови;

е) методите за добивање на суштински информации релевантни за операциите за потрага и спасување, како што се метеоролошки извештаи и прогнози, соодветни итни известувања (NOTAM) и сл.;

ж) методите за добивање помош од координативни центри за спасување на други држави, вклучувајќи воздухоплови, пловни објекти, лица или опрема, кога е потребно;

з) начини за добивање одобрение со кое се дозволува на единиците за потрага и спасување од држава која помага, да влезат на територијата на Република Северна Македонија;

ѕ) методите за помош на воздухоплови во опасност кои се принудени на слетување на вода, за да се сретнат со површински пловни објекти;

и) методите за давање помош на воздухопловите од единиците за потрага и спасување или на други воздухоплови, за да се упатат кон воздухопловот во опасност и

ј) заеднички активности што треба да се преземат во соработка со давателот на ATM/ANS услуги и други единици за потрага и спасување наведени во член 9 од оваа уредба, за да се помогне на воздухоплови за кои се знае или се претпоставува дека се предмет на незаконско постапување.

(5) Планот од став (1) од овој член треба да биде интегриран со плановите за итни случаи на аеродромите, со цел да се обезбедат спасувачки услуги во близина на аеродромите, вклучувајќи, кај крајбрежните аеродроми и водените површини.

Член 14

(1) Секоја единица за потрага и спасување треба:

а) да биде запознаена со сите делови од Оперативниот план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство од член 13 од оваа уредба, кои се неопходни за ефикасно извршување на нејзините должности и

б) постојано да го информира Координативниот центар за спасување за својата подготвеност.

(2) Координативниот центар за спасување треба:

а) да одржува во подготвеност потребен број на капацитети за потрага и спасување и

б) да одржува соодветни резерви на храна, медицински средства, сигнални уреди и друга опрема за преживување и спасување.

Член 15

(1) Со цел да се постигне и одржува максимална ефикасност во потрагата и спасувањето, единиците за потрага и спасување од член 9 од оваа уредба треба да спроведуваат редовни обуки и вежбовни активности на персоналот од нивните единици, за сегментите на нивното учество во операциите за потрага и спасување, согласно претходно изготвен план кој што опфаќа елементи и на потрага и на спасување, и тоа како на земја, така и на вода, надвор од зона на аеродром.

(2) Потребата од редовна обука и вежби треба да се прилагоди во согласност со фреквенцијата на реалните интервенции за потрага и спасување, кои покажуваат задоволителни и ефикасни резултати во потрагата и спасувањето.

(3) Единиците за потрага и спасување треба да обезбедат персоналот за потрага и спасување, кој може да биде повикан да реагира на место на воздухопловна несреќа, да е обучен за управување со ризиците по здравјето при работа. Насоките поврзани со ефективни здравствени практики при работа на место на воздухопловна несреќа се содржани во Прирачникот за истрага на воздухопловни несреќи и инциденти, Дел I (ICAO Doc. 9756) и во Циркулар 315 (ICAO CIR 315) - Опасности на местата на воздухопловни несреќи.

Член 16

(1) При спроведување на операциите за спасување не се поместуваат остатоците од воздухопловот, освен ако е тоа потребно за спасување на преживеаните и пренесување на починатите лица. Во овој случај се обележува првобитната позиција на поместените делови со цел зачувување на трагите кои се значајни за истражување на несреќата.

(2) Доколку присуството на остатоците од воздухопловот настанати како резултат на воздухопловни несреќи на територијата на Република Северна Македонија претставува опасност или погрешно ги насочува понатамошните операции на потрага и спасување, Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти обезбедува нивно отстранување, уништување или мапирање.

Член 17

(1) Потрага и спасување на воздухоплов започнува по известување за воздухоплов во опасност доставено до Координативниот центар за спасување добиено од:

а) давателот на ATM/ANS услуги согласно член 142 од Законот за воздухопловство;

б) другите единици за потрага и спасување од членот 9 од оваа уредба,

в) сателитскиот систем за лоцирање на радиофарови за опасност на Cospas -Sarsat и

г) други лица кои биле очевидци или на друг начин дознале за воздухоплов во опасност.

(2) Координативниот центар за спасување, веднаш по приемот на информација за воздухоплов во опасност, треба да ја процени таквата информација и да ја утврди обемноста на потребната операција.

(3) Кога информацијата за воздухоплов во опасност е добиена од други извори, а не од давателот на ATM/ANS услуги, Координативниот центар за спасување треба да утврди на која фаза на итност од член 18 од оваа уредба одговара ситуацијата и да ги примени процедурите што се применливи за таа фаза.

Член 18

Фази на итност (Emergency phases) се:

а) фаза на неизвесност (Uncertainty phase - INCERFA),

б) фаза на тревога (Alert phase - ALERFA) и

в) фаза на опасност (Distress phase - DETRESFA).

Член 19

(1) Давателот на ATM/ANS услуги го известува Координативниот центар за спасување за фазата на неизвесност само ако постои сомнение за безбедноста на воздухопловот и за лицата во истиот и тоа во следните случаи:

а) ако не е примена никаква комуникација од воздухопловот во период од 30 минути од времето кога требало да биде примена комуникацијата или 30 минути од првиот неуспешен обид за воспоставување радио-комуникација, во зависност од тоа што се случило порано или

б) ако воздухопловот не пристигнал во период од 30 минути по предвиденото време за пристигнување последно доставено до контролата на воздушниот сообраќај, односно последното предвидено време за пристигнување пресметано од единиците за давање на ATM/ANS услуги, зависно од тоа што е подоцнежно.

(2) По добивањето на известувањето за фаза на неизвесност, Координативниот центар за спасување:

а) треба да соработува максимално со единиците на контролата на летање и со други институции и служби од областа на воздухопловството, со цел пристигнатите извештаи да бидат брзо проценети;

б) поставува прашања до сите аеродроми;

в) ги собира, проверува и проценува информациите добиени од различни извори кои не се воздухопловни и

г) преку давателот на ATM/ANS услуги обезбедува испраќање на предупредување до сите воздухоплови во воздух (со цел да се открие било каков сигнал за тревога или повик).

Член 20

(1) Давателот на ATM/ANS услуги го известува Координативниот центар за спасување за фазата на тревога само ако не постојат докази кои би ги отстраниле сомнежите во врска со безбедноста на воздухопловот и лицата во истиот и тоа во следните случаи:

а) ако по фазата на несигурност, понатамошните обиди за воспоставување комуникација со воздухопловот или обиди за добивање на информации од други релевантни извори не резултирале со никакви вести за воздухопловот;

б) ако на воздухопловот му е издадено одобрение за слетување, а не слетал во рок од пет минути по предвиденото време за слетување и не е воспоставена радиокомуникација со истиот или

в) ако е примена информација за намалена оперативна способност на воздухопловот, но не до степен што е извесно негово принудно слетување или кога веројатноста за принудно слетување не е утврдена.

(2) Покрај случаите од став (1) на овој член, давателот на ATM/ANS услуги го известува Координативниот центар за спасување за фазата на тревога и ако се знае или се претпоставува дека воздухопловот е предмет на незаконско постапување.

(3) По добивањето на известувањето за фаза на тревога, Координативниот центар за спасување започнува со сите неопходни активности и:

а) веднаш ги алармира единиците за потрага и спасување и

б) ги бара сите дополнителни информации кои се неопходни за потрага и спасување на воздухопловот.

Член 21

(1) Давателот на ATM/ANS услуги го известува Координативниот центар за спасување за фазата на опасност само ако постои разумна сигурност дека воздухопловот и лицата во истиот се под закана од сериозна и непосредна опасност и дека им е потребна итна помош и тоа во следните случаи:

а) ако по фазата на тревога, понатамошните обиди за воспоставување комуникација со воздухопловот и пошироките обиди за добивање на информации од други релевантни извори укажуваат на веројатност дека воздухопловот се наоѓа во опасност;

б) ако се смета дека резервите на гориво во воздухопловот се потрошени или недоволни за безбедно завршување на летот;

в) ако е примена информација за намалена оперативна способност на воздухопловот до степен што е извесно негово принудно слетување или

г) ако е примена информација или постои оправдана веројатност дека воздухопловот врши или веќе извршил принудно слетување.

(2) По добивањето на известувањето за фаза на опасност, Координативниот центар за спасување треба:

а) веднаш да започне активности преку единиците за потрага и спасување, согласно Оперативниот план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство;

б) да ја утврди позицијата на воздухопловот, да го процени степенот на неизвесност на таа позиција и врз основа на тие информации и околности, да ја одреди големината на областа што треба да се пребарува;

в) да го извести операторот на воздухопловот, кога тоа е можно, и да го информира за развојот на настаните;

г) да ги извести другите центри за координација на спасување, чие учество може да биде потребно или кои може да бидат засегнати од операцијата;

д) да ја извести контролата на летање, кога информацијата за итниот случај е добиена од друг извор;

ѓ) во рана фаза да побара ангажирање на такви воздухоплови, пловни објекти, крајбрежни станици и други служби, кои не се конкретно вклучени во Оперативниот план за спроведување на потрага и спасување на воздухоплови во опасност во цивилното воздухопловство, но можат да помогнат, со:

- следење на трансмисиите од воздухопловот во опасност, опремата за радио комуникација за преживување или ELT (автоматски радиомаркер за итни случаи); фреквенциите наведени во спецификациите за ELT во Анекс 10, Том III на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство кои се 121,5 MHz и од 406,0 до 406,1 MHz, а планот за распределба на канали на Cospas-Sarsat за 406 MHz е содржан во документот Cospas-Sarsat C/S T.012;

- давање помош на воздухопловот во опасност, колку што е тоа практично возможно и
- информирање на Координативниот центар за спасување за секој развој на настаните;

е) врз основа на достапните информации, да изготви детален план за акција за спроведување на потребната операција за потрага и/или спасување и да го достави таквиот план како насока за единиците за потрага и спасување од член 9 од оваа уредба кои непосредно раководат со спроведувањето на операцијата;

ж) да го измени, доколку е потребно, деталниот план за акција во согласност со променливите околности;

з) да го извести Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти и

ѕ) да ја извести земјата на регистрација на воздухопловот.

(3) Редоследот на овие активности треба да се следи, освен ако околностите не наложат поинаку.

Член 22

Во случај кога е прогласена фаза на итност во однос на воздухоплов чија позиција е непозната и може да се наоѓа во една од две или повеќе региони за потрага и спасување, се постапува на следниот начин:

а) кога Координативниот центар за спасување е известен за постоење на фаза на итност и не е информиран дека други центри преземаат соодветни активности, тој ќе ја преземе одговорноста за започнување на соодветна акција согласно членовите 19, 20 и 21 од оваа уредба и ќе се консултира со координативните центри за спасување на соседните држави со цел да се назначи еден координативен центар за спасување кој веднаш ќе ја преземе одговорноста;

б) освен ако не е поинаку договорено со договор меѓу засегнатите координативни центри за спасување, центарот кој ќе ја координира потрагата и спасувачката акција ќе биде оној кој е одговорен за:
- регионот во кој воздухопловот последен пат ја пријавил својата позиција или
- регионот кон кој воздухопловот се движел кога неговата последна пријавена позиција била на линијата што раздвојува два региони за потрага и спасување или
- регионот кон кој воздухопловот бил насочен кога не бил опремен со соодветна двонасочна радио комуникација или не бил обврзан да одржува радио комуникација или
- регионот во кој се наоѓа местото на несреќата, како што е идентификувано од системот Cospas-Sarsat и

в) по прогласувањето на фазата на опасност, Координативниот центар за спасување со севкупна одговорност за координација од точката а) на овој член, треба да ги информира сите координативни центри за спасување кои може да бидат вклучени во операцијата за сите околности поврзани со итната состојба и понатамошниот развој на настаните, а сите координативни центри за спасување кои ќе дознаат каква било информација поврзана со итната состојба треба да го информираат Координативниот центар за спасување кој има севкупна одговорност за координација.

Член 23

Секогаш кога е применливо, Координативниот центар за спасување кој има севкупна одговорност за координација на акцијата за потрага и спасување, треба да ја проследи информацијата за започнатата акција до контролата на летање која го опслужува воздухопловниот информативен регион во кој оперира воздухопловот, со цел таа информација да му биде пренесена на воздухопловот.

Член 24

Кога спроведувањето на операциите во целиот регион за потрага и спасување е одговорност на повеќе од една држава, секоја вклучена држава треба да преземе активности согласно својот соодветен оперативен план, кога тоа ќе биде побарано од Координативниот центар за спасување на регионот.

Член 25

Единиците за потрага и спасување од член 9 од оваа уредба кои непосредно раководат со спроведувањето на операциите или дел од нив, треба:

а) да дадат инструкции на единиците под нивно раководење и да го информираат Координативниот центар за спасување за тие инструкции и

б) да го информираат Координативниот центар за спасување за развојот на настаните.

Член 26

(1) Операциите за потрага и спасување продолжуваат, кога е изводливо, сè додека сите преживеани не бидат пренесени на безбедно место или додека не помине секоја разумна надеж за спасување преживеани.

(2) Одговорниот координативен центар за спасување е надлежен за одлучување кога да се прекинат операциите за потрага и спасување.

(3) Кога операцијата за потрага и спасување е успешна или кога Координативниот центар за спасување од ставот (2) на овој член смета или е информиран, дека повеќе не постои итност, фазата на итност треба да се откаже, операцијата да се прекине и треба веднаш да бидат информирани сите органи, субјекти или служби што биле активирани или известени.

(4) Ако операцијата за потрага и спасување стане неизводлива, а Координативниот центар за спасување од ставот (2) на овој член заклучи дека можеби сè уште има преживеани, Координативниот центар за спасување привремено ќе ги прекине активностите на лице место во очекување на понатамошен развој на настаните и веднаш ќе ги информира сите органи, субјекти или служби што биле активирани или известени. Сите релевантни информации добиени после прекинување на активностите треба да се проценат и операциите за потрага и спасување да се продолжат кога тоа е оправдано и изводливо.

Член 27

(1) Кога повеќе субјекти се ангажирани во операции за потрага и спасување на лице место, Координативниот центар за спасување треба да назначи една или повеќе единици на лице место кои ќе ги координираат сите активности, со цел да се обезбеди безбедност и ефикасност на воздушните и копнените операции, земајќи ги предвид капацитетите на субјектите и оперативните барања.

(2) Кога водач на воздухоплов ќе забележи дека друг воздухоплов или пловен објект е во неволја, пилотот треба, доколку е можно и освен ако не се смета за неразумно или непотребно:

а) да го држи воздухопловот или пловниот објект во неволја во видното поле сè додека не биде принуден да ја напушти локацијата или не биде известен од Координативниот центар за спасување дека тоа повеќе не е потребно;

б) да ја утврди позицијата на објектот во неволја;

в) кога е потребно, да го извести Координативниот центар за спасување или единицата на контролата на летање за што е можно повеќе од следните информации:
- тип на воздухоплов или пловен објект во неволја, неговата идентификација и состојба;

- неговата позиција, искажана во географски или мрежни координати или како растојание и вистински правец од препознатливо обележје или од радио-навигациско средство;

- време на набљудување, изразено во часови и минути според Координирано универзално време (UTC);

- број на забележани лица;

- дали е забележано дека лица го напуштиле воздухопловот или пловниот објект во опасност;

- дали се примени или забележани сигнали за опасност, вклучително и преноси од радиофарови за опасност;

- временските услови на лице место;

- очигледна физичка состојба на преживеаните;

- очигледно најдобра копнена пристапна рута до областа на неволјата;

- позиција и опис на други воздухоплови и пловни објекти во областа кои можат да помогнат и

г) постапува согласно инструкциите од Координативниот центар за спасување или од единицата за контрола на летање.

(3) Ако првиот воздухоплов што ќе пристигне во областа на неволја не е воздухоплов за потрага и спасување, тој ќе го преземе раководењето на активностите на лице место на сите други воздухоплови што ќе пристигнат подоцна, сè додека првиот воздухоплов за потрага и спасување не пристигне во областа на неволја. Доколку, во меѓувреме, тој воздухоплов не може да воспостави комуникација со Координативниот центар за спасување или со единицата за контрола на летање, тогаш, по взаемен договор, треба да го предаде раководењето на воздухоплов кој е способен да воспостави и одржува таква комуникација, сè до пристигнувањето на првиот воздухоплов за потрага и спасување.

(4) Кога е потребно воздухоплов да пренесе информации до преживеани или до единици за спасување на површината, а не е достапна двонасочна комуникација, тогаш, доколку е изводливо, треба да исфрли комуникациска опрема што би овозможила воспоставување директен контакт или да ги пренесе информациите со исфрлање на порака во физичка форма.

(5) Кога е прикажан сигнал на земја, воздухопловот треба да покаже дали сигналот е разбран или не, преку средствата опишани во став (4) на овој член или, доколку тоа не е изводливо, со давање соодветен визуелен сигнал.

(6) Кога е неопходно воздухоплов да упати пловен објект кон местото каде што воздухоплов или пловен објект се наоѓа во неволја, воздухопловот треба да го направи тоа со пренесување прецизни инструкции преку сите достапни средства, а ако не може да се воспостави радио комуникација, воздухопловот треба да даде соодветен визуелен сигнал.

(7) Визуелните сигнали за потрага и спасување од воздух-земја и земја-воздух се дадени во Прилог, кој е составен дел на оваа уредба.

(8) Кога воздухоплов носи уред за мерење на реалното површинско движење согласно со член 10 став (9) од оваа уредба, воздухопловот за потрага и спасување треба да го исфрли уредот веднаш штом ќе пристигне на местото на несреќата.

Член 28

(1) Секогаш кога водач на воздухоплов ќе пресретне пренос на итен повик, пилотот, доколку е изводливо, треба:

а) да го потврди приемот на итниот пренос;

б) да ја забележи позицијата на воздухопловот или пловниот објект во неволја, доколку е наведена;

в) да одреди насока на преносот;

г) да го информира Координативниот центар за спасување или единицата за контролата на летање за итниот пренос, давајќи ги сите достапни информации;

д) по сопствено наоѓање на пилотот, додека чека инструкции, да се упати кон позицијата на неволја и

ѓ) да се обиде да воспостави комуникација со лицето/ата во неволја.

(2) Секогаш кога пилотот ја следи фреквенцијата 121.5 MHz и пресретне пренос од сигнал за неволја, пилотот треба исто така:

а) да ја забележи и да ја пријави што е можно побрзо позицијата каде што прв пат е примена трансмисијата;

б) да не ги менува подесувањата за потиснување на шумот (squelch) на радиото на воздухопловот и

в) доколку е изводливо, да продолжи со следење на фреквенцијата сè додека сигналот не престане и за тоа да го информира Координативниот центар за спасување или единицата за контрола на летање.

Член 29

(1) Визуелните сигнали за потрага и спасување од воздух-земја и земја-воздух наведени во Прилогот од оваа уредба, кога се користат, треба да го имаат значењето наведено во истиот, при што тие треба да се користат само за назначената цел и не треба да се користат други сигнали кои може да се помешаат со нив.

(2) По забележување на кој било од сигналите од став (1) на овој член, воздухопловот треба да преземе такви активности какви што се бараат според толкувањето на сигналот дадено во Прилогот од оваа уредба.

Член 30

(1) Координативниот центар за спасување води евиденција за оперативната ефикасност на организацијата на потрага и спасување во неговиот регион.

(2) Координативниот центар за спасување подготвува проценки за реалните операции за потрага и спасување во неговиот регион. Овие проценки треба да содржат евентуални забелешки за користените процедури и за опремата за итни случаи и за преживување, како и евентуални предлози за подобрување на тие процедури и опрема, при што проценките кои би можеле да бидат од интерес за други држави треба да се достават до ICAO со цел информирање и соодветна дистрибуција.

Член 31

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за начинот, организацијата и субјектите на потрага и спасување на воздухоплов („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/13).

Член 32

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-5915/10
18 август 2026 година
Скопје

ПРИЛОГ

СИГНАЛИ ЗА ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ

1. Сигнали со површински пловни објекти

1.1 Следните маневри изведени по редослед од страна на воздухоплов значат дека воздухопловот сака да упати површински пловен објект кон друг воздухоплов или површински пловен објект во неволја:

а) кружење околу површинскиот пловен објект најмалку еднаш;

б) преминување на проектираната траса на површинскиот пловен објект непосредно пред истиот, на мала висина и:

- нишање со крилата или
- отворање и затворање на доводот на гориво или
- менување на аголот на елисата и

в) насочување во правецот во кој треба да се упати површинскиот пловен објект.

Повторувањето на овие маневри има исто значење.

1.2 Следните маневри од страна на воздухоплов значат дека помошта од површинскиот пловен објект кон кој е насочен сигналот повеќе не е потребна:

а) преминување на брановата трага на површинскиот пловен објект непосредно зад истиот, на мала висина и:

- нишање со крилата или
- отворање и затворање на доводот на гориво или
- менување на аголот на елисата.

1.3 Површинскиот пловен објект, на сигналот од точка 1.1 од овој прилог, може да ги даде следните одговори:

а) за потврда на прием на сигналите:

- подигнување на „сигналното знаме“ (вертикални црвени и бели линии) до врвот (значењето е разбрано);
- трепкање со сигнална ламба со низа од „Т“ во Морзеова азбука;
- промена на насоката за да се следи воздухопловот и

б) за означување на неможност да се постапи според барањето:

- подигнување на меѓународното знаме „N“ (сина и бела шаховска квадратна шема);
- трепкање со низа од „N“ во Морзеова азбука.

2. Визуелни сигнали од земја-воздух

2.1 Визуелни сигнали од земја-воздух за употреба од преживеани

Бр.	Порака	Симбол
1	Потребна помош	
2	Потребна медицинска помош	
3	Не или Негативно	
4	Да или Потврдно	
5	Продолжуваме во оваа насока	

2.2 Визуелни сигнали од земја-воздух – за спасувачки единици

Бр.	Порака	Симбол
1	Операцијата е завршена	
2	Ги пронајдовме сите лица	
3	Пронајдовме само некои од лицата	
4	Не можеме да продолжиме. Се враќаме во базата	
5	Се поделивме во две групи. Секоја се движи во насоката што е означена.	
6	Добиена е информација дека воздухопловот се наоѓа во оваа насока.	
7	Ништо не е пронајдено. Ќе продолжиме со потрагата	

2.3 Симболите треба да бидат најмалку 2,5 метри (8 стапки) долги и да бидат направени така што ќе бидат што повпечатливи.

2.3.1 Симболите може да се формираат на кој било начин, како на пример: од ленти од ткаенина, материјал од падобран, парчиња дрво, камења или сличен материјал; со обележување на површината со газење или со боење со масло.
2.3.2.Вниманието кон сигналите може да се привлече и со други средства, како што се радио, факели, чад и рефлектирана светлина.

3. Визуелни сигнали од воздух-земја

3.1 Следниве сигнали од страна на воздухопловот значат дека сигналите од земјата се разбрани:

а) за време на часови дење: со нишање на крилата на воздухопловот;

б) за време на часови ноќе/темница: со вклучување и исклучување на светлата за слетување два пати или ако воздухопловот не е опремен со такви светла, со вклучување и исклучување на навигациските светла два пати.

3.2 Недостиг на сигнал укажува дека сигналот од земјата не е разбран.